СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Петтото продолжение на Педесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 февруари 1993 година

Скопје, февруари 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 5-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 55-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 18.II.1993 ГОДИНА**


1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 9
2. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 9
3. НАУМОВСКИ СЛАВЕ - 1
4. ПАНОВСКИ МКХАИЛ - 6, 8
5. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 4
6. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 10


крај на седницата

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Педесет и петата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 февруари 1993 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

Известен сум дека во салата се присутни 67 пратеници и констатирам дека Собранието може да одлучува.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи во процедурава околу закажувањето на седницата, која сеуште трае, имавме состој

Ние констатиравме дека нема доволен број пратеници кога требаше да гласаме за Предлогот на заклучоците што ги подготви и предложи пратеникот Славе Наумовски. Пред тоа на молба на госпоѓа Марковска, Собранието дозволи, и ако беше заклучен претресот да и се даде можност, затоа што многу рано зборувала во текот на расправата, да даде некои конструктивни забелешки на Предлогот на заклучоците на господинот Славе Наумовски. Истото му го допуштив- ме и на пратеникот Михаил Пановски. Се разбира, тоа беа исклучоци што беа од Собранието усвоени и мислам дека Собранието понатаму повеќе не треба да прави такви исклучоци.

Беше поставено прашањето каков е ставот на предлагачот дали сугестиите што беа изречени овде, од говорницата за предлагачот се прифатливи. Па го молам предлагачот да го изнесе својот став.

**СЛАВЕ НАУМОВСКИ:**

Почитувани пратеници, бидејќи во процедура околу закажувањето на седницата, која сеуште трае, имавме состојба што Пратеничката група

ВМРО-ДПМНЕ за одржување на седница по повод давање Информација за активностите на надлежните органи во водењето . на надворешната политика, имавме состојба да одржиме седница околу пет ефективни денови. Од таа седница можеме да извлечеме неколку заклучоци. Јас си дозволив во Комисијата да предложам предлог на заклучоци, во кои што ќе се елаборира, всушност првата точка беше да се поддржи Информацијата, бидејќи таква информација беше барана. Тоа што ние останавме хендикепирани во однос на Информацијата што не можевме да ја добиеме правата информацијата преку затворена седница, тоа е проблем на сите нас. Познато е зошто не се одржа затворена седница. Ако веќе имавме таква состојба да имаме отворена седница, ние го добивме она што беше лимитот кој можевме да го видиме за добивање на таква информација. Понатаму нема што да бидеме задоволни или незадоволни од Информацијата.

Втора работа е, ние како Собрание, претходно во досегашните активности на надворешната политика преку Собранието донесовме документи кои ја обврзуваат Републиката односно надлежните органи, притоа мислам на Министерството за надворешни работи и на Претседателот на Републиката, тоа значи документите што ги усвоивме, декларацијата, да не зборувам дека основен документ е Уставот," водењето на надворешната политика не излезе од тие рамки. Тоа значи дека можеме да ја поддржиме основната глобална определба на политиката на Република Македонија во водењето на надворешната политика.

Понатаму, она што мислам, малкумина го кажаа, но сметам дека дефинитивно остана и наша определба е да зборуваме, да го наречам антимеморандум на меморандумот на господинот Мицотакис, од страна

на нашиот Претседател г-дин Киро Глигоров. Она, што особено мене ме воодушеви во тој меморандум е острината со која се настапува, односно чесните податоци што внатре се изнесени. Ако, ние не сме спремни тоа да го поддржиме, тогаш незнам зошто воопшто можеме да разговараме околу елементите на водењето на надворешната политика на Македонија. Ако е веќе така, тогаш нема понатаму што да се дискутира и не би требало само тој меморандум да го поддржиме, туку всушност целиот тек на разговорите на Република Македонија околу нејзиното признавање.

Понатаму, ако веќе тоа сме го констатирале, и ако знаеме дека Република Македонија молба за прием во 00Н под името Република Македонија, што значи под уставното име Република Македонија, ние всушност, со сегашното и досегашното разговарање околу овој проблем всушност, најцврсто ја зајакнавме позицијата на Република Македонија во понатамошните преговори. Тоа значи дека ние сме спремни понатаму да разговараме со нашиот став.

Она што треба ние во овој момент да го покажеме е, всушност спремноста за разговори. Јас не гледам дека може да постои разлика во овие пет дневни разговори околу тоа што понатаму треба да се прави. Тоа значи дека ние спонтано дојдовме до еден државен консензус. Тоа е она што сите ние можеме да го заклучиме овде, што никој овде не разговараше за ништо друго освен за дефинитивниот став на Република Македонија, во натамошните активности на надворешната политика. Затоа јас и понатаму останувам на она што го кажавме досега и што го предложив во предлогот на заклучоците.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде ми е даден еден текст сега, на предлог заклучоци од госпоѓа Марковска. Одма дадов налог да се умножи, да се подели за да го видите. Повеќе расправа немаме, а овој текст да го видите а потоа ќе гласаме.

Давам пауза додека се умножи и подели умножениот текст.

(Пауза од 10 минути)

Продолжуваме со работа.

Овде има дадено предлози и од господин Пановски, во вид на амандмани па по ред како што се дадени така ќе се изјаснуваме.

Продолжуваме со работата. Сега го имате текстот.

Минуваме на изјаснување. Прво, имаме од господинот Пановски предлог за дополнување и измена на заклучоците.

Еве за збор се јавува господинот Стојков, за процедурална интервенција.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, мислам дека е сосема во ред и деловнички некој пратеник ако побара да добие збор, така стои во деловникот пред изјаснувањето со образложение да го образложи своето гласање, дали ќе гласа или нема да гласа, или како ќе гласа. Тоа е деловничка одредба. Јас затоа ќе си земам за право да кажам дека мене многу ми е жал што единствено пратеничката група денеска при гласањето на овие заклучоци не присуствува, присуствувам само јас, сметајќи дека на Република Македонија и е потребно едно единство точно околу прашањето за прием на Република Македонија во ООН. И мислам дека, без разлика на нашите различности, во поимањето на демократијата и нашите партиски определби, по ова прашање требаше сите да бидеме единствени.

Е ќе кажам уште по повод на заклучоците. За мене се наполно прифатливи заклучоците што ги предлага независниот пратеник госпоѓа Марковска, затоа што мислам дека го изразуваат мислењето на овој Парламент. Јас во својата дискусија напоменав дека го поддржувам Меморандумот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не расправаме по текстот сега, само процедурална интервенција.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас се надевам господине претседателе дека после нема да ми дадете збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема расправа по текстот, расправата е завршена.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Па затоа што деловнички не ја спроведовте до крај седницата како што треба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сосема е до крај спроведена.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Не е. Прочитајте во деловникот ќе видите дека секој пратеник има право пред гласањето да се изјасни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа може, но..

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Па јас затоа сега се изјаснувам и кажувам дека за мене се наполно прифатливи заклучоците од госпоѓа Марковска. И затоа предлагам Собранието да ги усвои овие заклучоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема предлози. И само за вашето гласање ќе кажете, а ништо друго нема да предлагате овде. Предлозите за предлагање се завршени. Затоа интервенирав а не како вие ќе гласате. Како сакате така ќе гласате, и можете да образложите зашто гласате така.

Молам, минуваме на изјаснување. Имаме предлози од господин Пановски, за измена и дополна на текстот на заклучоците што ги даде господин Славе Наумовски.

Господин Пановски, уште еднаш процедурално, зашто предлозите беа изнесени минатиот пат, па потоа ги напишавте, на молба. Сега е втор пат и затоа велам нема друга основа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас во вид на писмени амандмани ги поднесов. Тоа не е нешто комплицирано само ќе го прочитам дека..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги читаа луѓето. Тие ги имаат пред себе написмено и затоа беа побарани писмено да не мора да се чита од говорницата, а вие ги прочитавте минатиот пат.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас не ги прочитав, денеска ги поднесов овие, во 11,20 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се сложивте па ви беше речено да ги дадете писмено.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Предлогот за дополнување на заклучоците поднесени од господинот Славе Наумовски ги поднесувам од причина, тоа не е нешто

комплицирано, тоа е едноставно, во заклучокот број 4 само се предлага да се дополни последната реченица дека приемот на Република Македонија и активностите околу приемот ќе бидат под нејзиното уставно име што значи Република Македонија. Сметам дека овој мој предлог треба да се прифати од причини што најважно ќе бидат надминати антагонизмите и недовербата помеѓу партиите што се на власта и партиите во опозиција. Ваше право е да гласате како што сакате јас во тоа не можам да ве убедувам но сметам за потребно да го истакнам и тоа дека Македонија веќе во неколку меѓународни институции е зачленета под името Бивша Југословенска,,,,,,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не расправаме за тоа.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Тоа е во врска со образложението на мојот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие го образложивте минатиот пат. Јас ви реков...

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас минатиот пат не поднесов написмено ништо. Немав поднесено предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие изложивте што предлагате и го баравте мислењето на господинот Славе Наумовски, само ние рековме, кога ќе продолжи седницата да го дадете написмено вашиот предлог. Тоа вие го доставивте.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Ова е исто дел од образложените господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа е дадено. Вие го дадовте веќе еднаш како образложение

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас како официјален предлагач имам право да дадам и усмено образложение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дадовте, дадовте, прво усмено образложение дадовте.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Еве сега давам усмено образложение.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ама дадовте.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Добро нема проблем ова е дополнување на моето веќе дадено образложение.

Јас мислам дека нема ништо лошо ако ми дозволите уште со две реченици да завршам.

Со оглед на тоа што Македонија е веќе зачленета во неколку меѓународни институции под името Бивша Југословенска Република Македонија, од кое што сметам, бидејќи во тие меѓународни институции ние со самото членство ги признавме и долговите на оваа наша Република од времето на Бившата СФРЈ, сметам дека со тоа ако инсистиравме на името Република Македонија, дека и под тоа име ќе бевме примени од едноставна причина што Република Македонија на тој начин се обврзува да враќа долгови. Секој што има дадено на некого долг е во негов интерес да си го врати тој долг. Затоа сметам дека тука е направена грешка во чекори, и сметам дека инсистирањето на нашето уставно име само може да придонесе за остварување на историските и витални интереси на македонскиот народ.

I/9

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте во вакви работи да навлегувате. Претседателот на Владата рече дека Македонија не е зачленета ниту во една организација. Во тоа е и незгодата и нашата несреќа. Сето тоа што се слуша се подготвителни работи од тие организации. Од нас не е поднесено никакво барање. Зашто сега повторно, што е, еве господинот Андоновски сака процедурално прашање.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Јас сакам сепак да изразам една поддршка на амандманот на господин Пановски од следните причини.

Прво мислам дека (реакција од пратениците) Видете за вака суштинско прашање мислам дека и за ваков амандман треба (интервенира претседателот Стојан Андов за смирување на пратениците) мислам дека со овој амандман делува и е комплементарен на Меморандумот тој е поднесен од страна на претседателот на Републиката Киро Глигоров. Го надополнуваме со овој амандман што го поднесе господинот Пановски: ).

Како второ, се отвора простор и спремност на Република Македонија, навистина да може да преговара. Затоа што во четвртиот член кој ќе биде втор член.

И третата работа, ќе беше добро овде да партиципираат сите партии, овде требаше да постои национален консензус, затоа што навистина што неизвесноста во врска со признавањето на Република Македонија може да биде ризична, и со тоа одговорноста да ја сносиме сите заедно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јавува господин Наќе Стојановски.

Се работи пак само за процедурална интервенција.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас во мое име, а мислам дека и во име на голем дел од пратениците протестирам на начинот со кој се манипулираше седницата во денешниов ден и во завршниот дел на претходниот ден кога завршуваше седницата. Јас веднаш да кажам дека завршниот дел од мои лични причини не бев присутен и тој дел го гледав на телевизија. Вие господине претседателе, после расправата констатиравте заклучок кој постои во стенограмот, дека расправата по Информацијата што и беше доставена н пратениците по уводното излагање и заклучоците на господин Славе Наумовски и госпоѓата Ратка Димитрова, што беа предмет на дискусија пет дена овде и кои заклучоци добар дел беа коментирани од одредени пратеници дека ги прифаќаат и повикуваа да се прифатат заклучоците од госпоѓа Димитрова, д добар дел од пратеничкиот состав кој дискутираше од тие 70 говорници, да се при фатат заклучоците на госпоѓа Димитрова и господин Наумовски, и притоа што е многу битно, што ниеден од тие 70 дискутанти, дискутирајќи по тие заклучоци, ги предлагаше никакви измени и дополнувања ниту на едните, ниту на другите.

Врз основа на тоа вие констатиравте заклучок овде во Собранието, кој во стенограмот е утврден дека расправата по тие материјали и по овие е затворена. После тоа му дадовте збор на претседателот на Републиката, господинот Киро Глигоров со оглед на тоа што сакаше да се обрати на пратениците надвор од расправата на точката од дневниот ред од дискусијата.

I/11.-

И остана прашањето, само пратеничкиот состав да се изјасни деловнички за едниот или за другиот предлог, што беа во оптек пет дена овде на масите на пратениците.

И целокупната оваа расправа, која сега следи со амандмани, со едно касно реагирање, не може поинаку да се разбере, јас поинаку лично разбирам поедини луѓе, да се разбереме, да се интервенира како луѓе ги разбирам, но политичкото разбирање не може поинаку да се толкува отколку опструкција на работата на Собранието.

И јас ве молам да се примени Деловникот за работа до крај и овој Парламент да се изјасни да не се малтретираме повеќе и понатаму.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам продолжуваме понатаму.

Амандманот, во форма на амандман е дадено, иако не треба да биде во таа форма, тоа е предлог за дополнување на заклучоците на господинот Славе Наумовски, што го дава господинот Пановски.

Кој е за, молам да крене рака. (Пратениците креваат рака) .

7 гласаат за. Констатирам дека предолго не е усвоен.

Го ставам на гласање предлогот на заклучоците на господинот Славе Наумовски.

Кој е за, молам да крене рака.

II/1.-СП/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

66 пратеници гласаа за заклучоците што ги предлага господинот Славе Наумовски.

Со ова заклучоците се усвоени.

Кој е против, молам да крене рака? (3 пратеника).

Дали има воздржани? (4 пратеника).

Според тоа, да ја сочуваме формата оти има и други предлози на заклучоци, па мораме да одиме по ред.

Кој е за предлогот на заклучоците на госпоѓа Димитрова? (4 пратеника).

Констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Имаме предлог кој е поделен овде од госпоѓа Марковска.

Молам, кој е за, да крене рака? (4 пратеника).

И овој предлог не е усвоен.

Со тоа, констатирам дека се усвоени само Предлог - заклучоците штоп ги предложи господинот Славе Наумовски.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 55-та седница на Собранието на Република Македонија.

Да се договориме како да продолжиме.

Предлагам да направиме пауза од 10 минути за да ги повикаме пратениците од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кои се изјаснија овде дека не сакаат да работат само во донесувањето на заклучоците. Тие се во Собранието и треба да им се овозможи да дојдат.

(Седницата прекина со работа во 12,30 часот).